Министерсво за животна средина и просторно планирање Државниот инспекторат за животна средина преку Државен инспектор за животна средина Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Друштво за производство,трговија и услуги ДА-БУЕНО ДООЕЛ Штип застапувано од Александар Панов со Записник бр.Ип1- 29-155 од 16.02.2026 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 од став 1 точка 9) 9) од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/2022 и 3/25), член 117 став 1 од Законот за упарвување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 216/21 и 3/25), член 232 став2 алинеја 6 од Законот за води (Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/2021 и 3/25) и член27 став1 алинеа 2 од Закон за инспекциски надзор во животната средина(Сл.весник на РСМ број 99/2022годи3/2025) донесе:

**РЕШЕНИЕ**

3)СЕ ЗАДОЛЖУВА правниот субјект Друштво за производство,трговија и услуги ДА-БУЕНО ДООЕЛ Штип да изработи Елаборат за заштита на животната средина и истиот го поднесе до органот надлежен за одобрување и спроведување во МЖСПП.

5)СЕ ЗАДОЛЖУВА правниот субјект Друштво за производство,трговија и услуги ДА-БУЕНО ДООЕЛ Штип да изработи сепаратор за отпадни води, водите од кругот на бензинската станица да се зафатат и одведат во сепараторот, по изработка на сепараторот да се склучи Договор со правен субјект за превземање на отпадната вода и милта со правен субјект шо поседува Дозвола за таков тип на отпад.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова Решение, изнесува **90(девеесет)** дена од ден на прием на Решението.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 2 на ова Решение, изнесува **90(деeесет)** дена од ден на прием на Решението.

5)Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 и 2 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

**Образложение**

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 198 од став 1 од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 3/25), член 116 став 1 од Законот за упарвување со отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 216/21 и 3/25), преку државен инспектор Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Друштво за производство,трговија и услуги ДА-БУЕНО ДООЕЛ Штип и со Записник бр.Ип1-29-155 од 16.02.2026, ја утврди фактичката состојба:

Извршен е вонреден инспекциски надзор во правниот субјект Друштво за производство,трговија и услуги ДА-БУЕНО ДООЕЛ Штип-Бензинска пумпа, по издадена Наредба за вонреден инспекциски надзор од страна на Директорот на Државниот инспекторат за животна средина со бр. 02-70/12 од 13.02.2026 година, а по препраќање на надлежност за вршење на надзор од страна на Општина Штип.

Од извршениот увид е констатирано дека горенаведениот правен субјект не поседува Елаборат за заштита на животната средина, кој е одобрен во Министерство за животна средина и простроно планирање.

Од одговорното лице сме известене дека не поседува сепараторот за отпадни води.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението.

**Решено во Државниот инспекторат за животна средина под број Ип1-29-155 од 16.02.2026 година**

Државен инспектор за животна средина

**Зоран Стојнев**

**М.П.**

---

со службена легитимација
број 06-0023 од 17.05.2022год.